**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 29.10.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njesia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 03 | 4008 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

**1. Вид надзор:** редовен

**2. Субјекти на надзорот:**

2.1. Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „Убавина и здравје", „Руски доктор" и „Добра храна";

2.2. Културно Здружение ВИЗИОНИ М Скопје, издавач на „Шеќа";

2.3. Друштво за издавачка дејност, трговија и услуги ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС увоз извоз ДОО Прилеп, издавач „Зенит";

2.4. Друштво за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, издавач на „Битолски весник";

2.5. Друштво за медиуми издаваштво и маркетинг ЕХО МЕДИА ГРУПА ДООЕЛ Скопје, издавач на „Македонско Ехо";

2.6. Друштво за производство,трговија и услуги МЕДИУМ БОЈА 43 ДООЕЛ увоз-извоз Штип, издавач на „Штипски глас"; и

2.7. Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој ПАБЛИК Скопје, издавач на „Лице в лице".

Со надзорот се опфатени следните печатени медиуми:

- изданието за септември/октомври 2021 година на „Руски доктор" бр. 55;
- изданието за октомври/ноември 2021 година на „Добра храна" бр. 16;
- изданијата за октомври 2021 година на „Убавина и здравје" бр. 155 и „Шеќа" бр. 126;
- изданието од 01 октомври 2021 година на „Зенит" бр. 667;
- изданието од 06 октомври 2021 година на „Битолски весник" бр. 2940;
- изданието од 14.10.2021 година на „Македонско Ехо" бр. 9;
- изданието за септември 2021 година на „Штипски глас" бр. 115; и
- изданието на „Лице в лице" бр. 047.

3. **Датум на извршување на надзорот:** 29 октомври 2021 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачите на печатени медиуми ја исполнуваат обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. **Констатации од надзорот:** Обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми е во целост исполнета кај сите печатени медиуми опфатени со надзорот.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***